Бр./Nr 12-2507/1
24 -07- 2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-тата седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2598/1 од 01.10.2025 година, оформен по доставена пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на државни ресурси и злоупотреба на работното време во изборен процес од страна на службени лица вработени во ЈЗУ /// - ///, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не може да се констатира неправилност или повреда на Закон.

Предметот со број 12-2598/1 од 01.10.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 01.10.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневање за злоупотреба на државни ресурси и злоупотреба на работното време во изборен процес од страна на службени лица вработени во ЈЗУ /// - /// и оформен е предмет број 12-2598/1 од 01.10.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за воспоставена пракса на изработка на /// од страна на /// техничари вработени на ///, во текот на работното време, наменети за пациенти кои се третираат во приватни ординации, со користење на материјал обезбеден од јавни средства за потребите на јавното здравство, при што со наплата во готовина од приватните /// се остварува лична финансиска корист.
Според наведеното во пријавата, раководните лица на одделенијата на Клиниката се запознаени со оваа пракса, но не ја санкционираат или соучествуваат во истата.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барања за доставување податоци и информации до Министерството за здравство, до Државниот санитарен и здравствен инспекторат и до Фондор за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на ДКСК, утврдена е следната фактичка состојба:
Министерството за здравство до ДКСК проследи произнесување со образложение од ЈЗУ /// - /// во врска со пријавените наводи, кои Клиниката ги отфрла како неосновани и паушални. Во образложението, покрај детален опис на процедурата за работа при набавка, употреба и евиденција на материјали за работа, содржана е и информација за извршена анализа при која било утврдено дека не постои отстапување во однос на бројот на извршени /// услуги и количината на употребени материјали за работа за споредбениот период 2024 и 2025 година.
Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на барање на ДКСК доставено во насока на утврдување на фактичката состојба на ден /// година извршил контрола во ЈЗУ /// - ///, а врз основа на член 71 од Законот за здравствено осигурување според кој Фондот врши контрола на средствата на здравствените установи остварени од Фондот, како и на наменското и економичното користење на тие средства.
При извршената контрола биле донесени следните заклучоци:

- Сите прегледи и реализирани здравствени услуги во ЈЗУ /// - /// кои биле предмет на надзорот биле уредно евидентирани во медицинската документација дадена на увид
- Сите изработени /// помагала биле уредно евидентирани во медицинската документација со издадени пресметки за наплатени услуги со потврда за наплатено учество и изјава од пациент за согласност заизработените приватни помагала
- Материјалните картици за набавен материјал за изработка на /// за периодот кој бил опфатен со надзорот биле со евиденција на набавен материјал со дата на прием во одделение за набавки на материјали и интерна испратница на набавениот материјал до клиниките за ///
- За сите изработени /// помагала постои налог издаден од доктор специјалист од Клиниките за ///, со број на преглед, датум на прием, продатоци за /// техничар и вид на изработка на /// помагало
- Од податоците за набавен материјал и податоците од месечните извештаи за бројот на изработени /// контролата не може точно да утврди дали бројот на

изработени /// соодветствува со количината на набавен материјал бидејќи истиот се користи и во изработување на други /// помагала.

Врз основа на утврдената состојба од страна на Фондот било констатирано дека од извршената контрола не може да се утврди неправилност во врска со наводите за сомневање за злоупотреба на државни ресурси и злоупотреба на работното време од страна на службени лица вработени во ЈЗУ /// - ///.

Имајќи ја предвид содржината на произнесувањето на ЈЗУ /// - /// проследено од Министерството за здравство и содржината на Известувањето на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија по извршената контрола, ДКСК утврди дека во случајот со утврдената фактичка состојба не може да се констатира неправилност или повреда на Закон и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК